**I К.бр.161/19**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд преку судијата Александра Ристеска како судија поединец со записничар Васка Цветковска- судски работник, постапувајќи по обвинителен предлог на ОЈО од С. XVII КО бр.2972/18 од 18.01.2019 година **против обвинетиот Срѓан Стојановиќ од С. за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 вв чл.297 ст.3 вв ст.1 од КЗ**, по одржаната главна јавна расправа во присуство на Јавниот обвинител од Основното Јавно Обвинителство С. Зорица Пендовска, обвинетиот Срѓан Стојановиќ од С. со неговиот бранител, адвокат Слаѓана Серафимова од С. и законскиот застапник оштетениот- покојниот Т.Б., неговиот син Љ.Б. согласно чл.381 од Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150 од 18.11.2010 година), на ден 20.03.2019 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Врз основа на признание на вина

**ОБВИНЕТИОТ СРЃАН СТОЈАНОВИЌ СО ЕМБГ ....,** од татко Д., мајка Р. роден на ... година во с.Б. П.1 Р.С, а живее во С. на ул.”...” бр... с.Т., женет, татко на едно дете, писмен со завршено средно образование, вработен во ЗД С. - П.Ч., Македонец, Државјанин на РСМ, неосудуван, не се водат постапки за други кривични дела.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 10.04.2018 година во 15,30 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи патничко возило “Ш.К. ...., сопственост на Д.С., по регионалниот пат С.- В. во насока од северозапад кон југоисток, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи на начин што кога дошол после крстосницата со ул.”..” во с.Т., постапил спротивно на чл.19 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не обрнал внимание на пешакот кој започнал да чекори по коловозот поради што со предниот лев дел од возилото удрил во телото на пешакот сега покојниот Т.Б. кој како пешак надвор од обележаниот пешачки премин попречно го поминувал коловозот од регионалниот пат С. – В. во насока од југозапад кон североисток односно од десно кон лево во однос на движењето на ПМВ “Ш.К.”, од кој удар се задобил со тешка телесна

повреда изразена во вид на крварење под мозочните обвивки од трауматски тип како и повреди распоредни во предел на левата страна на телото и тоа левото рамо, левата страна на главата, градниот кош и долните екстремитети, со скршување на коските од левата нога, на мозокот се констатирани нагмечувања, како и постоење на внатремозочното крварење, кои повреди во пределот на главата довеле до нарушување и престанок на работата во виталните мозочни центри со што настапил смртен исход кај сега покојниот оштетениот Тодор Божиноски.

Со кои дејствија обвинетиот **СРЃАН СТОЈАНОВИЌ** сторил кривично дело – **Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 вв чл.297 ст.3 вв ст.1 од КЗ,** па согласно цитираниот член како и членовите: 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 34, 39, 40, 41, 48, 48-а, 49 и 50 и од КЗ и чл.102 и 105 од ЗКП, судот на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка:

**УСЛОВНА ОСУДА**

Така што му утврдува казна затвор во траење од **2- ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека така утврденета казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот за време од **5- ПЕТ ГОДИНИ** сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

**СОГЛАСНО чл.102 и 105 од ЗКП**, се задолжува обвинетиот да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците во износ од 1.500,00 денари согласно трошковникот на МВР, износ од 20.650,00 денари на име трошоци за дадено стручно-медицинско мислење за смртта на сега покојниот Т.Б. изготвено од У. „Св.К.М.“ МФ С., како и трошоци за сообраќајно вештачење на вештото лице В.Г. СВ-06-09/18 во износ од 6.500,00 денари, се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Основното Јавно Обвинителство С. до овој суд на ден 22.01.2019 година, поднесе обвинителен предлог XVII КО Бр.2972/18 од 18.01.2019 година против обвинетиот Срѓан Стојановиќ од С. за кривично дело - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 вв чл.297 ст.3 вв ст.1 од КЗ

Постапувајќи по обвинителниот предлог судот на ден 20.03.2019 година закажа и одржа главна јавна расправа во присуство на Јавниот

обвинител од Основното Јавно Обвинителство С., Зорица Пендовска , обвинетиот Срѓан Стојановиќ со неговиот бранител, адвокат Слаѓана Серафимова од С. и законскиот застапник на покојниот оштетен Т. Б., неговиот син Љ.Б., на која по изнесувањето на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител, обвинетиот даде изјава за признавање на вина.

Откако судот, согласно чл.381 ст.2 од ЗКП утврди дека признанието на вина на обвинетиот е доброволно и дека истиот е свесен за правните последици од признанието на вината, за последиците поврзани за имотно правното побарување и трошоците на кривичната постапка, судот со оглед на ваквата изјава на обвинетиот согласно чл.381 ст.3 од ЗКП, откако, согласно член 379 од ЗКП, ги изведе доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција со читање и увид во: Извод од крим евиденција на Основен суд Скопје I Одделение за казнена и кривична евиденција на име обвинетиот Срѓан Стојановиќ КР-26495/18 од 27.09.2018 година.

Во завршниот збор Јавниот обвинител Зорица Пендовска наведе дека со оглед да обвинетиот даде признание на вина не се осврнува на образлагање на фактичката состојба како што е опишано во обвинителниот предлог, но му предложи на судот да ја цени одредбата од чл.39 од КЗ при изрекувањето на казната, а при тоа да ги има во предвид отежнителните и олеснителните околности кои стојат на страна на обвинетиот, а имено зачестеноста на ваквиот вид на кривични дела, начинот на извршување на истите, а пред се последицата како и олеснителните околности кои стојат на страна на обвинетиот со оглед да во конкретниот случај е поделена одговорноста на учесниците во сообраќајот, па предложи на судот за стореното кривично дело да го огласи за виновен обвинетиот и казни по закон.

Законскиот застапник на оштетениот-покојниот, синот Љ.Б. во завршен збор наведе дека не предјавува оштетно побарување и не се приклучува кон кривичен прогон на обвинетиот, а наведе исто така дека и штетата му била надоместена од осигурителна компанија.

Бранителот на обвинетиот во завршен збор наведе дека со оглед дека на главната расправа обвинетиот го призна делото кое му се става на товар, а со цел да им помогне и на органите на прогонот ,истиот никогаш не е осудуван, се работи за семеен човек на кој прв пат му се случува ваква работа, посебно што покојникот бил многу возрасен човек, кој не слушал ни гледал со оглед на возраста, неочекувано се приближил на улицата каде што не смеел да поминува. Во продолжение бранителот наведе дека, обвинетиот и неговото семејство биле први што помогнале, го однеле во болница и биле околу него поради претходно, а со оглед на тоа и дека законскиот застапник на оштетеното семејство се изјасни дека

не се приклучува кон кривичен прогон, па ценејќи го во предвид сето погоре наведено, да ги цени околностите од чл.39 од КЗ и обвинетиот поблаго да го казни.

Обвинетиот во завршен збор наведе дека го прифаќа завршниот збор на својот бранител, се кае за стореното кривично дело, неговата психа е постојано нарушена бидејќи тој секојдневно го поминува тоа место, исто така наведе дека е здравствен работник па не бил во можност да помогне да спаси нечиј живот, во иднина му вети на судот дека нема да сторува вакви или слични кривични дела, го замоли истиот поблаго да го казни од причина што е млад човек, татко на едно дете и денес е прв пат во судир со законот, како и фактот да го цени судот дека законскиот застапник на покојникот не побара штета и не се приклучи кон кривичен прогон против него, а судот да го има во вид и вештачењето што го изготви вештото лице В.Г..

Од Изводот од крим евиденција на Основен суд Скопје I Одделение за казнена и кривична евиденција на име обвинетиот Срѓан Стојановиќ КР-26495/18 од 27.09.2018 година судот утврди дека истиот не е осудуван и не се водат постапки за други кривични дела.

При определувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција судот ги имаше предвид сите околности предвидени во чл.39 од КЗ кои се од влијание за индивидуализација на казната, па така како отежнувачки околности ги ценеше општествената опасност од овој вид кривични дела, објектот на заштитеното добро, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, зачестеноста на ваков вид на кривични дела. Судот при определување на видот и одмерување на висината на кривичната санкција, неизоставно ги ценеше и олеснувачките околности, пред се дека се работи за релативно млада личност, родена ..... година, дека истиот е женет, татко на едно дете, притоа истиот е единствен вработен, и единствен кој обезбедува егзистенција за своето семејство. Воедно судот го ценеше и неговото самопризнание и изразеното каење и жалење за настанот, неговото коректно однесување на расправата и даденото ветување дека во иднина нема да се јави како сторител на вакви и слични кривични дела, како и околноста дека законскиот застапник на оштетениот сега покојниот не предјави оштетено побарување и не се приклучи кон кривичен прогон на обвинетиотт, како и фактото што иститo е неосудуван и не се водат постапки за други кривични дела, па во контекст на вака ценетите околности најде дека во конкретниот случај предупредувањето со закана за казна затвор е адекватно на степенот на кривичната одговорност на обвинетиот и неговата личност и дека вака изречената алтернативна мерка со време проверка од 5- пет години во кој не смее да стори друго кривично дело, доволно ќе влијае истиот во иднина да не врши вакви и слични кривични дела, превентивно ќе влијае на луѓето во средината каде тој живее и

пошироко, па во таа смисла ќе се постигне очекуваниот ефект и целта на условната осуда предвидена во член 48 од КЗ, како и целта на казнувањето во смисла на чл.32 од КЗ.

**СОГЛАСНО чл.102 и 105 од ЗКП**, се задолжува обвинетиот да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците во износ од 1.500,00 денари согласно трошковникот на МВР, износ од 20.650,00 денари на име трошоци за дадено стручно-медицинско мислење за смртта на сега покојниот Т.Б. изготвено од У. „Св.К.М.“ МФ С., како и трошоци за сообраќајно вештачење на вештото лице В.Г. СВ-06-09/18 во износ од 6.500,00 денари, се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**
**I К.бр.161/19 од 20.03.2019 година**

**ЗАПИСНИЧАР,**
**ВАСКА ЦВЕТКОВСКА с.р.**

**С У Д И Ј А,**
**АЛЕКСАНДРА РИСТЕСКА с.р.**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 8 дена од приемот на истата, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**ДН:**

-ЈО во ОЈО С. Зорица Пендовска, XVII КО бр.2972/18 од 18.01.2019 година

-обвинетиот Срѓан Стојановиќ, ул.”..” бр..., с.Т. ,С.

-бранителот на обвинетиот, адвокат Слаѓана Серафимова од С.

**СУДИЈА,**